Ризница на Евангелието

Тематско проучување на Библијата

11. Домашна библиска студија – 11

ДВА ЗАВЕТА

Да се има договор со Бога - можете ли да си замислите таква предност? Таква можност во Божјиот план му се нуди на секого од нас. Вие знаете дека договорот претставува утврдена спогодба помеѓу договорените страни да го исполнат она за што се договориле под одредени услови. За таквиот договор со Бога Библијата зборува како за „завет“, и неговите законски формалности се разликуваат од оние кои постојат во договорите направени помеѓу луѓето.

Во оваа лекција ќе учиме за заветот кој Бог го направил со Аврам, како и за заветот направен со Израеловите синови на Синајската гора. Апостол Павле зборува за „новиот завет“, за Црквата во новозаветниот период, и важно е со со тоа да се запознаеме. Во врска со оваа лекција читајте ги и добро проучете ги осмото, деветтото и десеттото поглавје од посланието до Евреите, каде Павле ги објаснува заветите. Двете светилишта (земното и небесното) кои се спомнуваат во овие поглавја, ќе бидат исто така предмет на проучување во некои од следните лекции од нашиот курс.

СТАРИОТ ЗАВЕТ

Кој пример го имаме во Библијата за еден договор (завет) помеѓу Бога и човекот, кој и формално бил потврден? Што било предмет на спогодбата?

„Во тој ден **Господ направи завет со Аврам**, велејќи: „На потомството твое му ја давам оваа земја“ (Создавање 15:18).

(прочитајте го целиот запис за овој настан во стиховите 8-18).

Како овој завет станал правосилен?

„А кога сонцето зајде и падна мрак, ете, дим како од печка и **огнен пламен, помина меѓу оние делови**“ (Создавање 15:17).

Старото вообичаено право барало наместо денешното „потпишување“, договорените странки да поминат помеѓу разделените делови на жртвуваните животни, што значело дека ќе ги снајде иста судбина како и тие животни, ако не ја извршат дадената обврска.

Што му открил Господ на Аврам во поглед на неговото семејство, и каков требало да биде крајниот исход од сето тоа?

„И Господ му рече на Аврам: „Знај дека потомците твои ќе бидат придојдени во туѓа земја, ќе робуваат и ќе ги мачат четиристотини години. Но јас ќе го судам народот кај кого тие ќе бидат во ропство; потоа тие ќе излезат оттаму со големо богатство“ (Создавање 15:13,14).

Какво било искуството на Аврамовите потомци после нивното ослободување од Египет со силата на Божјата рака?

„И слезе Ти на гората Синај и говореше со нив од небото, им даде праведен суд, вистински закони, наредби и добри заповеди“ (Неемија 9:13).

Кој сè се согласил на условите и обврските на заветот направен на Синај?

„И **сиот народ** одговори еднодушно и рече: „Сè што рекол Господ ќе направиме.” Тогаш Мојсеј Му ги соопшти на Господ зборовите на народот“ (Излез 19:8).

РАТИФИКАЦИЈА (ПОТВРДУВАЊЕ) НА СТАРИОТ ЗАВЕТ

Како и со што бил потврден овој завет?

„Потоа Мојсеј зеде половина од крвта и ја налеа во чаша, а другата половина од крвта ја изли на жртвеникот... Тогаш Мојсеј **ја зеде крвта, и го попрска со неа народот**, велејќи: „Ова е крвта на заветот, кој го воспостави Господ со вас за сите овие зборови“ (Излез 24:6,8).

Што му рекол Мојсеј на народот за употребената крв при ратификувањето на заветот? Каква важност и значење имало тоа?

„Велејќи: „Ова е крвта на заветот што ви го одреди Бог... и без пролевање крв нема проштевање“ (Евреите 9:20,22).

НОВИОТ ЗАВЕТ

Што треба да биде направено во Новиот Завет со Божјиот закон? Кој според Божјото слово, тоа треба да го направи?

„Но овој е **заветот што ќе му го дадам на домот Израелов** во оние дни, вели Господ: ќе ги врежам законите Свои во мислите нивни, **и во срцата нивни ќе ги напишам**, и ќе бидам нивни Бог, а тие ќе бидат Мој народ“ (Евреите 8:10). (Прочитајте ги исто така и пророштвата напишани за тоа околу 700 години порано: Еремија 31:33; Езекиел 36:26,27).

Како и со што бил потврден овој завет?

„Ниту со крв козја и телешка, туку со Својата крв влезе во светилиштето еднаш засекогаш и изврши вечен откуп“ (Евреите 9:12).

Во кое ветување дадено набргу по падот на човекот, за прв пат се открива постоењето на овој завет?

„И ставам непријателство меѓу тебе и жената и меѓу родот твој и породот нејзин. Тој ќе ти ја смачкува главата, а ти ќе го каснуваш во петата“ (Создавање 3:15).

ПРЕДНОСТ НА НОВИОТ ЗАВЕТ

Која причина ја наведува апостол Павле да го поткрепи своето тврдење дека новиот завет е „подобар“ од стариот?

„А сега Тој доби толку подобра служба, и стана посредник на подобар завет, кој е утврден врз подобри ветувања“ (Евреите 8:6).

Чие ветување се наоѓа во зборовите на новиот завет?

„Но, укорувајќи ги, вели: ‘Ете идат денови, вели Господ, и со домот Израелов и со домот Јудин ќе склучам нов завет’“ (Евреите 8:8).

Што според Христовите зборови е неизбежен услов за вечен живот?

„А ако сакаш да влезеш во животот, **запазувај ги заповедите**“ (Матеј 19:17).

Бидејќи условите на новиот завет било невозможно да се исполнат, во што човекот наоѓал единствена надеж за спасение?

„Но еве го заветот, што ќе го склучам со домот Израелов по оние дни, вели Господ: **ќе го вложам Мојот закон внатре во нив, и ќе го напишам во срцата нивни**, па Јас ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ“ (Еремија 31:33).

Која е една од битните карактеристики на оние кои сакаат да стекнат право на учество во благословите на небото?

„**Блажени се оние што ги исполнуваат заповедите Негови**, за да бидат достојни за дрвото на животот и да влезат во градот низ портите“ (Откровение 22:14).

Бог дал ветување дека во Новиот завет, Своите закони ќе ги вметне во нашите срца и мисли, за да можеме спонтано да ги извршуваме и тоа да стане составен дел на нашата природа и нашиот карактер.

Бидејќи според Стариот завет не постоела никаква можност за спасение со помош на дела, каде и во што се наоѓа надежта за целиот човечки род?

„Тогаш, колку ли повеќе крвта на Христос, Кој преку Светиот Дух се принесе Себе на Бога непорочен, ќе ја очисти совеста наша од мртви дела за **да Му служиме на живиот Бог**. Затоа е Тој посредник на новиот завет, та по Неговата смрт, што стана за откуп на престапите од времето на првиот завет, призваните да го добијат ветеното вечно наследство“ (Евреите 9:14,15).

ЗАКЛУЧОК: Божјиот закон не е завет, но тој е предмет и услов и на стариот и на новиот завет, додека пак договорените страни и во едниот и во другиот завет се исти - Бог и Неговиот народ. Кога при објавувањето на законот, како заветен услов, од Синај го чуле Божјиот глас, Израеловите синови дале обврска дека ќе го држат законот со сопствена сила. Меѓутоа, уште во текот на првите шест седмици тие го прекршиле поставениот услов со што и заветот бил раскинат. Во Новиот завет Бог дава ветување дека Својот закон ќе го стави во срцето на луѓето, така што послушноста ќе ни биде овозможена и нема повеќе да се обидуваат за спасението да се потпираат на сопствените заслуги. Друга точка која мораме да ја имаме на ум е фактот дека новиот завет постои од самиот почеток, кога на Адам и Ева уште во рајот им е најавен Спасител (Создавање 3:15). Тој се нарекува „Нов завет“ затоа што е ратификуван (потврден) дури со Христовата смрт на Голгота, значи после заветот направен и ратификуван на Синај, кој се нарекува „Стар." Верните луѓе низ сите векови, иако живееле во времето на Стариот завет, задобивале победа со вера на Новиот завет. Дури и денес мнозина кои се обидуваат со сопствени дела да утврдат некоја своја „сопствена праведност“ (Римјаните 10:3), се ставаат под осуда на Стариот завет. Наша единствена надеж е во Христовата милост која ни ги овозможува исполнувањето на сите услови.

„Условите на стариот завет гласеле: „Слушај и живеј!“ „Им ги дадов моите заповеди и им ги објавив моите наредби, преку кои човекот, откако ќе ги изврши, ќе биде жив“ (Езекиел 20:11; Левитска 18:5). „Проклет да е секој кој не ќе ги исполни сите наредби од овој закон и не ќе постапи според нив“ (Повторени закони 27:26). „Новиот завет“ е заснован на подобри ветувања“ на ветување за проштавање на гревот и за божествена милост која е во состојба да го прероди срцето и да го доведе во хармонија со начелата на Божјиот закон. „Но еве го заветот што ќе го склучам со домот Израелов по оние дни, вели Господ: Ќе го ставам мојот закон во нивната душа и ќе го напишам во нивното срце... ќе им ги простам беззаконијата и за нивните гревови нема веќе да се сеќавам“ (Еремија 31:33,34).

Истиот закон, кој бил напишан на камени плочи, Светиот Дух ги втиснал на плочите на срцето. Наместо празното настојување да „утврдиме“ некоја своја правда, треба да ја прифатиме Христовата правда. Неговата крв е измирување за нашите гревови. Неговата послушност ни се припишува нам“ (Патријарси и пророци 372).

РИЗНИЦА НА ЕВАНГЕЛИЕТО

Испитен лист - 11 лекција

Одговори точно на следното:

1. Ние денес живееме во времето на:

а) стариот завет
б) новиот завет

2. Стариот завет е направен

а) на небото
б) во Едемската градина
в) на крстот
г) на Синај

3. Новиот завет е ратификуван (потврден)

а) со крвта на жртвуваните животни
б) со Христовата крв

4. Во Стариот завет

а) Бог ветил дека ќе го стави својот закон во срцето на луѓето.
б) Народот ветил дека ќе го исполнува законот со своја сила.

5. Што е неопходно за да се потврди еден завет?

а) светилиште
б) посредник
в) крв
г) жртвување на животни

Одговори на следните прашања:

6. Во што се огледа недостатокот и слабоста на Стариот завет?

---

7. Под кој завет живее човекот ако се обидува со сопствени дела да утврди некоја своја правда?

---

8. Што е неопходно да правиме како би добиле право на дрвото на животот?

---

9. Што Бог рекол во заветот направен со Аврам за неговото потомство?

---

10. Што се случило после 400 години?